Јавно претпријатие
Ndërmarrja publike
ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО
PARQE DHE GJELBËRIME
Скопје, Република Македонија
Shkup, Republika e Maqedonisë
Број/Numër: 02-2788/4
Дата/Data: 07.12.18

Врз основа на член 19 ст.1 т.7, в.в. член 11 ст.1 т.5 од Законот за јавни претпријатија (СВ бр. 38/96-64/18), член 26 ст.1 ал.4 од Статутот на ЈП Паркови и зеленило Скопје, Управниот одбор на ЈП Паркови и зеленило Скопје на седницата одржана на ден 07.12.2018 година донесе

# ОДЛУКА
## за усвојување на Ценовник за уредување на јавни зелени површини со урбана опрема

**член 1**

Се усвојува Ценовник за уредување на јавни зелени површини со урбана опрема на ЈП Паркови и зеленило Скопје.

**Член 2**

Се задолжуваат стручните служби за спроведувањето на оваа одлука.

**Член 3**

Со донесувањето на овој ценовник престануваат да важат Ценовник за изведба на придружни објекти во јавно зеленило бр. 02-3136/1 од 03.11.2011 г, Измена и дополна бр. 02-2169/2 од 30.06.2014 г. и Ценовник за изработка и реконструкција на урбана опрема во јавни зелени површини бр.02-2169/9 од 30.06.2014 година.

**Член 4**

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето, а истата и Ценовникот ќе се применуваат по добивање на согласност од Совет на Град Скопје.

*Образложение*

Поради зголемен обем на работа и изведба на различна урбана опрема во јавни зелени површини, стручните служби и директорот ги предложија измените во ценовниците, со додавање на нови видови урбана опрема, па согласно одредбите од Законот за јавни претпријатија , се донесе одлука како во диспозитивот. Утврдените цени ќе се применуваат по добивање на согласност на истата од Советот на Град Скопје.

**Д.Д.**
-архива
-директор
-Управен одбор
-стручни служби
-Совет на Г.Скопје

**ЈП ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО**
**УПРАВЕН ОДБОР**
**Претседател,**

**Даниела Николова**